Архивски број: 08-520/7
08-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-520/1 од 17.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола, со адреса на живеење на [redacted] во Битола, против [redacted] при Државен просветен инспекторат, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи и образованието, науката и спортот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи и образованието, науката и спортот, сторена од страна на [redacted] врз [redacted] од Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 17.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата), беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Битола против [redacted] во Државен просветен инспекторат (**"ДПИ"**), за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи и во областа на образованието, науката и спортот.

Според наводите во поднесената претставка, [redacted] од Прилеп при вонреден инспекциски надзор во СОТУ "Ѓорѓи Наумов" – Битола, по поднесена претставка од страна на [redacted] до ДПИ, за нереализирана наставна програма во учебната 2022/2023 година неосновано му поднел на [redacted] прекршочен платен налог со глоба во износ од 250,00 евра поради наводно нереализирана наставна програма за 1 час. Ваков ист прекршочен платен налог и бил издаден и на негова колешка, наставничка по математика. Подносителот дискриминацијата ја наоѓа во тоа што двата санкционирани наставника биле тој – поранешен директор на наведеното училиште (во период од 2017 до 2022 година) и поранешната градоначалничка на Општина Битола, [redacted] па според него јасно било дека станува збор за политичка дискриминација, бидејќи неговата колешка [redacted] била градоначалник – претставник на

политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија, а тој директор назначен од неа.

Во претставката понатаму се наведува дека покрај тоа што од преку 65 вработени во училиштето, казнети биле само тие двајца и дискриминирани во однос на останатите нивни колеги кои немале реализирано настава со поголем број на неодржани часови, а кои пак не биле казнети. Воедно подносителот го зема предвид фактот дека инспекторот постапил спротивно на член 109 и 109-а од Законот за средно образование во кој јасно стоело дека за нереализирана наставна програма покрај наставниците, глоба мора да му се изрече и на институцијата – училиштето, како и на раководниот орган – директорот на истото. Посочува дека наведеното е утврдено и од страна на Инспекцискиот совет и од страна на директорот на ДПИ, Халит Фератов.

Подносителот напоменува дека прекршочниот платен налог одбил да го прими и потпише, а инспекторот му поднел тужба пред Основен суд Битола кој пак го ослободил од вина со Пресуда ПРК-О-306/23 од 06.12.2023 година. Ваквата Пресуда именуваниот инспектор ја обжалил пред Апелациониот суд кој ја потврдил пресудата на првостепениот суд со Пресуда ПРКЖ-78/24 со која подносителот на претставката, [redacted] бил ослободен од вина и правно според него било докажано дека бил неосновано обвинет. Заклучува дека со пресудата на Апелациониот суд Битола јасно произлегува дека не сносел вина, но дека поради сето наведено претрпел материјална и ненадоместлива нематеријална штета по негвата чест и углед како и влошена здравствена состојба.

Кон претставката подносителот ги достави следните докази:

- Пресуда на Основен суд Битола ПРК-О-306/23 од 06.12.2023 година
- Пресуда на Апелационен суд Битола ПРКЖ-78/24 од 11.06.2024 година
- Одговор на претставка од Инспекциски совет бр. УПП 16-273/2023
- Ивестување бр. 08-651/2 од 27.05.2024 година од Државен просветен инспекторат.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.07.2024 година испрати Барање бр. 08-520/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] при Државниот просветен инспекторат, како и Барање бр. 08-520/3 за произнесување по наводи во претставка до Државниот просветен инспекторат. На 26.08.2024 година до Комисијата пристигнато е Известување бр. ИП1 09-97 од 29.07.2024 година од [redacted] во кое е наведено дека кон Барањето за произнесување не е приложена претставка по која е потребно произнесување, а во фотокопие доставен е Одговор бр. 09-5/2 од 05.02.2024 година кој е доставен до Комисијата по претставка поднесена од друг подносител за иста правна работа. Со оглед на ова на 29.10.2024 година Комисијата по електронски пат го достави Барањето за произнесување до советник – државниот просветен инспектор [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

кој на 31.10.2024 година по електронски пат достави Одговор бр. 09-23/2 од 30.10.2024 година по Барање за произнесување по наводи во претставка. Во одговорот именуваниот истакнува дека наводите во претставката од подносителот на претставката – [redacted] во целост ги отфрла како невистинити и неосновани. Посочува дека вонредниот инспекциски надзор кој [redacted] го наведува во претставката, бил спроведен по налог на в.д директорот на Државниот просветен инспекторат за постапување по сите наводи кои биле во надлежност на ДПИ дадени во неговата претставка, а во однос на нереализирани наставни планови и програми од страна на наставници поради отсуство од работа. Во прилог на претставката жалителот имал дадено табеларен преглед на отсустни наставници по денови и дополнително фотографии од ливчиња за отсутни наставници и денови кога отсуствувале и нивна замена. Именуваниот државен просветен инспектор врз основа на член 66 став (2) од Закон за инспекциски надзор пред спроведување на надзорот истиот го испланирал и меѓудругото утврдил дека наводите се однесувале на 36 наставници вклучително и на подносителот на претставката до ДПИ – [redacted] кои не одржале вкупно 394 наставни часови, по вкупно 58 наставни предмети и класен час, во 38 класа, односно 171 комбинација од наставник, наставен предмет и паралелка, па во прилог достави листа на наставници по наставни предмети и паралелки. Како наведува советник – државниот просветен инпектор понатаму, од листата било видно дека наводите во претставката од жалителот до ДПИ не се однесувале на сите наставници по сите наставни предмети во сите паралелки - односно дека од сите 65 наставници бил казнет само именуваниот [redacted] и неговата колешка [redacted], поранешна градоначалничка, туку дека истите се однесуваат на конкретни наставници вклучително и на именуваниот и [redacted] Понатаму се наведува дека за време на надзорот, со цел да се утврди фактичката состојба, бил направен увид во електронските дневници на сите 38 класа, само кај наставниците и наставните предмети дадени како навод во претставката од жалетелот до ДПИ при што кај одредени наставници се утврдиле пропусти во водењето на педагошката евиденција. Со цел да се утврди дали се работело за пропусти во водењето на педагошката евиденција или неодржување на часовите кои наставниците не ги одржале во деновите кога отсуствувале од работа, било разговарано со сите 36 наставници. Од вкупно 36 наставници кои биле наведени во претставката поднесена до ДПИ, 34 наставници усно и во пишани изјави се изјасниле дека пред или по деновите кога отсуствувале од работа ги одржале часовите кои не успеале да ги одржат во деновите кога отсуствувале од работа. Во одговорот инспекторот исто така наведува дека и покрај тоа што директорката на училиштето го известила жалителот дека на барање на државниот просветен инспектор треба да дојде во службената канцеларија каде се спроведувал надзорот и да се произнесе по сопствениот навод, тој не дошол. Кога инспекторот лично му се обратил на жалителот и го повикал на разговор, тој на крајно непримерен, некултурен и дрзок начин изјавил дека немал намера да разговоара со него, без разлика на неговата функција и служба и дека неговата работа била уредно евидентирана во Е - дневник, а со него ќе разговарал само преку адвокат и за секој обид на инспекторот да комуницира со него – ќе сносел

последици. Со наставничката [redacted] пак, поранешна градоначалничка, исто така наведува дека во два наврати направил обиди да разговара во однос на наводите во претставката од жалителот до ДПИ, но таа на крајно непримерен, некултурен и дрзок начин изјавила дека не сака да биде вознемирувана, ниту за време ниту вон работното време и дека реализацијата на нејзнините наставни часови и била уредно внесена во Е - дневник, нешто што го изјавила на писмено. Инспекторот во одговорот наведува дека од 34 наставници, директорката на училиштето и помошник директорот му било кажано дека жалителот [redacted] преку целата наставна година одел и сликал со неговиот телефон и ги следел наставниците чекајќи да направат грешка за да пријави во ДПИ, а се со цел да бидат казнети наставниците и училиштето и директорката да биде разрешена. Врз основа на педагошката евиденција Е - дневник на училиштето, усните разговори со 36 наставници, пишани изјави на 35 наставници како и од разговорите со директорката и помошникот директор и нивна пишана изјава се утврдило дека 34 наставници во целост го оствариле годишниот фонд на часови во паралелките и по наставните предмети за кои во табеларниот преглед и фотографираните ливчиња дадени во прилог на претставката од жалителот до ДПИ биле дадени наводи дека не ги оствариле. Бидејќи жалителот усно се изјаснил дека неговата работа била уредно евидентирана во Е - дневник, а неговата колешка [redacted] усно и писмено се изјаснила дека реализацијата на нејзините наставни часови и била уредно внесена во Е - дневник, фактичката состојба за овие два наставника се утврдила врз основа на педагошката евиденција во Е - дневникот при што се утврдило дека и двајцата не реализирале по еден наставен час по одредени наставни предмети во одредени паралелки, врз основа на што се констатирало дека сториле прекршок по член 109-а став (3) од Законот за средно образование. Понатаму советник – државниот просветен инспектор наведува дека врз основа на усните разговори со 34 наставници, нивните пишани изјави како и разговорите со директорката и помошник директорот пред и во текот на наставната година ги презеле сите мерки за да обезбедат целосно оставрување на годишниот фонд на часови од страна на сите наставници и дека не биле виновни за однесувањето на жалителот и неговата колешка за нивните пропусти во работењето поради што на училиштето и директорката не им биле издадени прекршочни платни налози. Поради неплаќање на издадените прекршочни платни налози против двајцата наставници се повела прекршочна постапка пред Основен суд Битола како надлежен суд. Советникот – државен просветен инспектор наведува дека одлуките на првостепениот и второстепениот суд нема да ги коментира поради тоа што при донесувањето на истите судовите ценеле факти кои не биле познати за време на инспекцискиот надзор. На крајот советник – државниот просветен инспектор наведува дека при спроведувањето на инспекциската постапка и издавањето на прекршочните платни налози на жалителот – [redacted] и неговата колешка [redacted] не се водел од политичка припадност на жалителот од причина што ниту прашал ниту знаел дали биле или се членови на одредена политичка партија, ниту прашал или знаел за политичката определба на директорот, помошник директорот и останатите 34 наставници во училиштето за кои жалителот во претставката до ДПИ давал наводи

дека не го оствариле годишниот фонд часови. Напротив, наведува дека при неговото постапување се водел единствено од утврдената фактичка состојба, начелата на Закон за инспекциски надзор, Етичкиот кодекс на инспекторите и Законот за прекршоците.

Од увид во доказниот материјал кој подносителот [redacted] го достави кон претставката за заштита од дискриминација, Комисијата утврди дека тој се обратил до Државниот просветен инспекторат со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер по кое добил известување во кое е наведено, меѓудругото дека по работењето на советник – државниот прсветен инпектор се произнел и Инспекцискиот совет и констатирал дека државниот просветен инспектор [redacted] селективно го применил член 109-а од Закон за средното образование каде согласно став (3) изрекол глоба исклучиво за наставниците во училиштето потполно занемарувајќи го став (1) од член 109-а каде изрично наведената глоба се изрекува на училиштето.
Понатаму приложена е Пресуда ПРК-О-306/23 на Основен суд Битола со која обвинетиот [redacted] се ослободува од одговорност согласно член 114 став (1) точка 2 од Закон за прекршоците дека за време на наставната 2022/23 година во СОТУ "Ѓорѓи Наумов" - Битола го нема остварено годишниот фонд на наставни часови утврдени со наставните планови и програми, а пресметан со календарот за организација на работата на средните училишта така што по наставниот предмет Електротехника во I-4, I-5, I-6 клас остварил годишен фонд од 140 наставни часови наместо 141 и по наставниот предмет Електрични мерења во II-7 клас остварил годишен фонд од 105 наставни часови наместо 106 наставни часови. Имено, Државниот просветен инспекторат ПК Прилеп до Основен суд Битола поднел Варање за поведување на прекршочна постапка против обвинетиот [redacted] од Битола за прекршок по член 109-а став (3), а во врска со член 109 став (1) алинеја 5 од Закон за средното образование по што судот оформил предмет, завел прекршочна постапка и одржал претрес во отсуство на претставникот на подносителот на барањето кој бил уредно поканет, а во присуство на обвинетиот. Судот во постапката при утврдување на фактичката состојба констатирал дека при извршен вонреден инспекциски надзор од страна на државен просветен инспектор [redacted] во СОТУ "Ѓорѓи Наумов" - Битола во период од 14.08.2023 година до 07.09.2023 година врз основа на налог издаден од раководителот на инспекциската служба, за постапување по наводи во надлежност на ДПИ дадени во претставка од [redacted] за што бил составен записник ИП1 бр. 09-97 од 11.09.2023 година во кој било констатирано дека обвинетиот го немал остварено годишниот фонд на наставни часови така што по наставниот предмет Електротехника во I-4, I-5, I-6 клас остварил годишен фонд од 140 наставни часови наместо 141, а по наставниот предмет Електрични мерења во II-7 клас остварил годишен фонд од 105 наставни часови наместо 106. Меѓутоа судот нашол дека ваквата констатација од страна на државниот просветен инспектор е контрадикторна и не произлегува од одбраната на обвинетиот [redacted] и писмените докази предложени од негова страна особено писмено укажување со назив "Потсетување за електронски дневник" испратено на меил на 30.06.2023 година во 10.24 часот од страна

на помошник директорот на СОТУ "Ѓорѓи Наумов" – Битола, [redacted] до сите наставници во училиштето вклучувајќи го и обвинетиот, со кој ги информирал дека фондот на часови треба да биде предвидениот намален за минус еден наставен час. Согласно ваквото укажување на помошник директорот, посочува судот, обвинетиот требало да има остварено 137 наставни часа по предмет Електротехника со оглед да неделниот фонд на часови по овој предмет изнесувал 4 наставни часа, а по предметот Електрични мерења имал остварено 103 наставни часа со оглед дека неделниот фонд на часови по овој предмет изнесувал 3 наставни часа. На крајот судот наведува дека со оглед да обвинетиот при извршениот инспекциски надзор по предметот Електротехника имал остварено 140 наставни часа, а по предметот Електрични мерења имал остварено 105 наставни часа, истиот во целост го остварил годишниот фонд на наставни часови предвидени со наставните планови и програми, а пресметан со календарот за организација на работата на средните училишта во учебната 2022/2023 година

Со оглед дека вака донесената Пресуда била обжалена од страна на Државниот просветен инспекторат, Апелациониот суд Битола постапувајќи по жалбата истата ја одбил како неоснована, а првостепената пресуда ја потврдил. Во Пресудата ПРКЖ-78/24 на Апелациониот суд Битола наведено е дека правилно од изведените докази првостепениот суд утврдил дека обвинетиот – [redacted] не го сторил прекршокот за кој се обвинува бидејќи во целост го оставрил годишниот фонд на наставни часови по предметите Електротехника и по предметот Електрични мерења предвиден во наставните планови и програми, а пресметан со календарот за организација на работата на средните училишта во учебната 2022/2023 година. Се наведува дека правилно утврдил дека констатираната состојба од подносителот односно Државниот просветен инспекторат е контрадикторна и не проилегува од одбраната на обвинетиот и писменото укажување со назив "Потсетување за електронски дневник" испратено од помошник директорот на СОТУ "Ѓорѓи Наумов" – Битола до сите наставници во училиштето вклучувајќи го и обвинетиот, со кое ги информира наставниците дека фондот на часови треба да биде предвидениот намален за минус еден неделен фонд.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по неа и доказите доставени кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба: [redacted] извршил вонреден инспекциски надзор во СОТУ "Ѓорѓи Наумов" – Битола по налог на в.д директор на ДПИ, а по поднесена претставка од Владимир Роме со цел постапување по наводите истакнати во истата кои се однесуваат на нереализирани наставни планови и програма од страна на наставници поради отсуство од работа. По ова од страна на државниот просветен инспектор на [redacted] му е издаден прекршочен платен налог за прекршок од член 109-а став (3) во врска со член 109 став (1) алинеја 5 од Закон за средно образование, кој пак именуваниот одбил да го прими и потпише по што Државниот просветен инспекторат поднел Барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот Основен суд Битола

кој со Пресуда ПРК-О-306/23 го ослободил од одговорност обвинетиот [redacted]. Од страна на Државниот просветен инспекторат оваа Пресуда била обжалена по што била донесена Пресуда ПРКЖ-78/24 на Апелационен суд Битола кој ја потврдил првостепената пресуда, а жалбата ја одбил како неоснована утврдувајќи дека првостепениот суд од изведените докази правилно утврдил дека обвинетиот не го сторил прекршокот за кој се обвинува, бидејќи во целост го остварил годишниот фонд на наставни часови по предметите кои ги предава, предвиден во наставните планови и програми, а пресметан со календар за организација на работата на средните училишта во учебната 2022/2023 година.

**Имено, член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*".

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*".

Во однос на дискриминаторската основа, Комисијата го зема предвид фактот дека станува збор за поранешен директор на училиштето, поставен од поранешната градоначалничка на Општина Битола – [redacted] поради што се поврзува со конкретна политичка партија, а пак компараторите, односно останатите наставници на кои исто така се однесува вонредниот инспекциски надзор ја немаат таа лична карактеристика, со што се воспоставува каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа - политичка припадност и изрекувањето на прекршокот од страна на [redacted]

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и утврди дискриминација од страна на советник - државниот просветен инспектор [redacted] кон [redacted] а врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи и областа на образованието, науката и спортот.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] вработен во Државниот просветен инспекторат, во иднина да се воздржи од превземање на дејства кои за последица ќе имаат нееднаков третман односно дискриминација.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
08.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД